07



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

МЦМС

# Содржина


04 порака од раководството

05 локален развој

07 вработување

08 граѓанско општество и демократија

12 односи меѓу заедниците

13 балкан

14 структура и развој на мцмс

17 независно ревизорско мислење

18 финансиски извештај 2007

# мисија

МЦМС е граѓанска организација која верува во мир, хармонија и просперитет на Македонија и Балканот, засновани на универзалните принципи на граѓанското општество и партиципативната демократија, добро владеење, рамномерен социоекономски развој, меѓузависноста и културната разновидност.

МЦМС се стреми да поттикнува и предводи промени за решавање на општествените предизвици со иновации и воспоставување алтернативни модели вклучувајќи ги во главните текови.

# цели и методи

**Долгорочни цели на МЦМС се:**

- Рамномерен и одржлив економски развој кој води во социјална кохезија и намалување на сиромаштијата преку рурален и регионален развој, вработување, претприемништво, образование и пристап до јавни сервиси;
- Диверзифицирано и вкоренето граѓанско општество кое промовира вклученост на голем број интересни групи кои влијаат на главните текови на општественото живеење;
- Праведно и демократско општество засновано на принципите на добро владеење, децентрализиран систем на управување и висок степен на доверба;
- Прифатена културна разновидност, меѓузависност и дијалог одразени во сите сфери на јавниот живот;
- Воспоставени партнерства за развој и зајакнат социјален капитал.

**МЦМС активностите ги остварува преку:**

- Застапување;
- Развој на капацитетите;
- Вмрежување и партнерство;
- Кофинансирање;
- Информации – односи со јавност.

# мцмс е член на:

ECOSOC

ACT International

CIVICUS

Балканска мрежа за развој на граѓанското општество

Граѓанска платформа на Македонија

# Порака од раководството

Во 2007 година, подолго време се забележаа позитивните поместувања во решавањето на најголемите проблеми: пораст на економијата (како решение за невработеноста и сиромаштијата) и намалување на корупцијата (поместување за 20-тина места на рангирањето на Транспарентност). Сепак, тоа не нѐ доведе до позитивна оценка од Европската комисија за прогресот во ЕУ интеграцијата, главно заради политичките критериуми. Ова значеше одложување на дефинирањето датум за почеток на преговорите за членство.
Мало беше и вниманието на граѓанскиот сектор, но сепак во оваа година се усвои Стратегија на Владата за соработка со граѓанското општество. Почетокот на нејзиното спроведување може да се забележи со поголемо учество на претставници на секторот во работните тела на Владата за подготовка на новите закони. Од друга страна, Владата не одобри подобрување на финансирањето на граѓанските организации.

Дополнително, се влоши и контекстот за граѓанските организации со намалувањето на поддршката од меѓународните организации и фондови, а може да се очекува и натамошен пад на можностите за финансирање.

МЦМС во 2007 година имаше вкупен обем од 56 проекти и буџет од 97 милиони денари.

Оваа година завршија програмите Водоснабдување и санитација на заедниците, Стратегија за граѓанско општество и Балканска мрежа за развој на граѓанското општество, како и делот од програмата Институционален развој на граѓанското општество. Последните три програми беа финансирани од фондови на Европската унија. Ова беше последната година на финансирање од Данската црковна помош, долгогодишен меѓународен партнер на МЦМС.
Во оваа година МЦМС значително ги интензивираше напорите за мобилизација на фондови. Добри резултати беа постигнати кај традиционалните партнери (ЕЕД, НЦА). Нови поддржувачи се Балканактие од Белгија и КС — Заедницата на Норвешките општини. За прв пат, МЦМС имаше значителна донација од приватниот сектор.

Во 2007 година продолжија активностите за реструктурирање на МЦМС, започнати во јули 2005 година, со кои организацијата треба да се прилагоди на новиот контекст. Има битен напредок во замената на изворите на финансирање — од традиционалните партнери, со средства од Европската унија (22% повеќе во однос на 2006 г.) и сопствените приходи (раст од 3%). Оваа година се изврши редовниот избор на Извршен директор на МЦМС за периодот до 2011 година, каде уште еднаш е избран Сашо Клековски.

Соработката со многу и различни партнери, која е една од главните карактеристики на работата на МЦМС, продолжи со редовен интензитет и во овој период.



Наташа Габер - Дамјановска





Сашо Клековски



# Локален развој

## ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Целта на програмата е поттикнат локален развој на рурални и маргинализирани заедници преку зголемена партиципација и организациско јакнење.
Со програмата беа опфатени општините Долнени, Могила, Карбинци, Лозово, Старо Нагоричане, Сарај, Јегуновце, Желино, Чашка, Конче, Теарце, Велес, Прилеп, Штип, Крива Паланка и Дебар.

Минатата година беа спроведени обуки за: подготовка на проекти за ИПА; пристап до донатори и изработка на апликации; раководење со човечки ресурси; тимска работа и раководење со тим; идентификација на приоритетите на заедниците во програмата. На обуките учествуваа 75 претставници на општините.

На обуката за проектно планирање учествуваа 11 претставници на општините и на граѓанските организации, а во посетите на позитивните примери што се одвиваа во Карбинци, Лозово и во Велес учествуваа 12 претставници на општините, месните заедници и граѓанските организации.

На работилниците за застапување и лобирање и за формулација на проекти спроведени за ЗЕЛС и АДКОМ учествуваа 32 претставници на општините. МЦМС го поддржа учеството на овие институции на обуките: Како до европски фондови и Односи со јавност.

Воспоставување партиципативни пристапи во локалните заедници беше тема на осум работилници на кои учествуваа 193 претставници на општините, месните заедници и граѓанските организации.

## ИСКУСТВА ВО КОРИСТЕЊЕТО НА ИПАРД

МЦМС и Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) ја промовираа публикацијата „Успешно искористување на фондовите ИПАРД“. Публикацијата ја промовираше Перо Димшоски, заменик-министер за земјоделство, шумарство и водостопанство. На присутните им се обратија и двајца од авторите, Мате Ѓорѓиевски и Валентина Ѓошеска.

Во публикацијата, седуммина автори ги презентираат искуствата на поранешните земји – кандидатки за членство во ЕУ. Читателите можат да извлечат поуки од тие искуства, да утврдат кои се и какви треба да бидат административните капацитети и структури коишто ќе ја раководат финансиската помош, да се информираат за начините на раководење со фондовите ИПАРД и за условите под кои Македонија ќе може да ги користи овие фондови. Оваа публикација овозможува јавноста да се запознае со условите и критериумите за одобрување проекти и користење средства од програмата ИПАРД и да се запознае со методологијата на постапката за изработка и оценување на инвестициските програми.

Претпристапната помош за рурален развој (ИПАРД), која изнесува 31,5 милиони евра има специфична долгорочна цел во насока на подготвување на македонскиот земјоделско-прехранбен сектор кон исполнување на барањата на aquis communitaire, како и ефикасно спроведување на програмите и искористување на фондовите од Европската Унија.



# ПОДОБРУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Целта на проектите е осовременување и модернизација на основното образование во согласност со ЕУ стандардите.

Во 2007 година, МЦМС беше акредитиран од страна на Министерството за образование и наука како организација кој ќе спроведува обуки за наставниците од основните училишта. Обучувачите на МЦМС спроведоа обуки за 6 основни училишта и тоа: за управување со проекти, за вештини на комуникација, за партиципативен приод кон учењето и за менаџментот во училиште. Со обуките беа опфатени 81 наставник, раководство и друг училишен персонал.

МЦМС ги спроведе и проектите „Застапување и лобирање за образованието на Ромите" во соработка со мрежата Рома 2002 и „Застапување и лобирање за децентрализација на декадата на Ромите" заедно со ЗГ ДРОМ од Куманово.

Во соработка со АЕД - УСАИД (Проектот за основно образование), МЦМС изработи база на податоци за сите државни основни училишта од прво до осмо одделение. Со базата на податоци беа опфатени 471 основно училиште и беа обезбедени податоци и информации за нивните проблеми и потреби.

Реновирани се и две основни училишта од рурални средини, (ОУ во с. Добрушево, општина Могила и ОУ во с. Долно Количани, општина Студеничани).



## подобри хигиенски услови за 112 ученици

За учениците од „Браќа Миладиновци" од с. Добрушево, Могила, и за нивните родители новата учебна година започна со еден проблем помалку, реновирани се старите руинирани тоалети.

Училишната зграда во с. Добрушево била изградена во 1966 година и од тогаш не било направено некое поголемо реновирање. Во училиштето учат 112 ученици. Состојбата со санитарниот јазол во училиштето беше многу лоша. Тоалетите беа лоцирани надвор од училишната зграда, на оддалеченост од околу 110 метри. Во нив немаше довод на вода и чешма со лавабо за миење на учениците. Исто така проблем претставуваше и тоа што кабината за машките ученици беше без прегради.

„Кога имав потреба, одев до дома. Тоалетите беа за никаде. А особено ни беше тешко во зима, кога беше многу студено. Сега ќе ни биде многу поубаво", ни кажа малиот Никола.

Во училиштето е изграден нов санитарен јазол кој е поврзан со селскиот систем за водоснабдување. Вградени се санитарии во машкиот и женскиот тоалет, 6 ВЦ шолји, 2 писоари и 7 мијалници.

МЦМС го спроведе реновирањето со поддршка од Сокотаб Франа СА од Швајцарија.



# Вработување

МЦМС е основач на Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП). МРФП ги спроведува планираните активности од Деловниот план на МРФП 2007-2011 година, преку програмите Развој на финансиски услуги, Развој на финансиски институции и Промоција на претприемништвото.



## ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ

Цел на програмата е развој на прифатливи финансиски услуги. Во 2007 година, со програмата се опфатени 27 мало претпријатие и 1,292 микропретприемачи. Вкупниот исплатен износ е 199,826,993 МКД (евра).

## кредит за поквалитетни производи

Во селото Речица кумановско покрај селскиот пат може да се забележи еден убаво среден двор, тука се наоѓа куќата на семејството Станојковиќ. Од земјоделската механизација во дворот јасно се гледа дека се работи за семејство кое својата егзистенција ја обезбедува преку земјоделството. Сите членови на семејството се вклучени во работата. Најмногу одгледуваат пиперки.

„Пиперките се од многу висок квалитет, бидејќи цело време се контролира процесот на одгледување" – ни изјави Анета Станојковиќ. Со цел да го подобрат квалитетот и производството одлучиле да набават дополнителна механизација, затоа се обратиле до штедилница Можности за да земат кредит. Кредитот во износ од 5.600 евра им бил одобрен од средствата на кредитната линија на МРФП. Со овие и со 6.000 евра сопствени средства набавиле садачка за пиперки, фреза, пумпи за наводнување и друга попратна механизација. Сега квалитетот на производите е уште поголем што се гледа и од обезбедениот пласман на производите. „Со напорна работа и со одржување на висок квалитет секогаш има пласман за производите" – ни рече Анета.

## ПРОМОЦИЈА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

Цел на програмата е промовирано претприемништво.

Во текот на 2007 година МРФП обезбеди програмска и организациска поддршка на Стопанската комора на Северозападна Македонија (СКСЗМ). Поддршката обезбеди градење на капацитетот на комората, подготовка на Стратешкиот план, обука за 14 претставници на управните органи на комората, опрема за канцеларијата на комората. Беше спроведено истражување како и подготовка на база на податоци за потребите на Комората.
Во делот на промоција на позитивни примери беше организиран „Европски ден на претприемачот" и за прв пат беше организиран „Претприемач на годината – 2007".

# Граѓанско општество и демократија

## ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

Цел на програмата е креирање на овозможувачка околина и поддршка за понатамошен развој на граѓанското општество и подобрени резултати на актерите на граѓанското општество во Македонија.

Во текот на 2006 г., во рамките на програмата, беа издадени 11 броја на списанието Граѓански свет и беше спроведено истражување за можностите за одржливост на информативните изданија на МЦМС.

Се одржа НВО Саемот – 6 Форум на граѓанското општество во Македонија, каде учествуваа 130 граѓански организации, цркви и верски заедници, владини и меѓувладини организации. На Саемот беа организирани 25 форумски настани. Околу 4,300 граѓани го посетија НВО Саемот. Во текот на годината беа организирани и три регионални НВО саеми во Дебар, Делчево и Неготино, каде учествуваа 117 организации, беа организирани 41 форумски настани и беа посетени од 6.100 граѓани.

Од страна на Министерството за правда, МЦМС и Граѓанската платформа на Македонија (ГПМ) беа поканети да учествуваат на подготовката на новиот Закон на здруженија на граѓани и фондации. Во врска со Законот беше организирана и конференција на која учествуваа околу претставници на граѓански организации но и на државни институции. На тема Законот за спонзорство и донации беа организирани четири работилници на кои учествуваа 100 претставници на граѓански организации, локалната и централната власт и на деловниот сектор.

Во текот на годината беа издадени 17 публикации за подобрување на работата на граѓанските организации во Македонија. Програмските активности беа спроведени во партнерство со членовите на ГПМ: Фондација на Институт отворено општество - Македонија, ЦСИД „Форум“, Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“, Полио плус, Центар за граѓански иницијативи, Центар за институционален развој, Национален совет на жените во Македонија и Асоцијација за демократски иницијативи.

## добро управување




Македонскиот центар за меѓународна соработка ја промовираше новата обука „Добро управување – зголемена одржливост“ наменета за граѓанските организации во Македонија. Обуката се спроведе во септември 2007 година и на неа учествуваа 20 претставници на раководните (извршни и управни) тела на граѓанските организации, членки на ГПМ, како и останати граѓански организации во земјата. Учесниците разговараа за концептот на управување, за разликите меѓу управувањето и раководењето, за управувањето во однос на доброто управување, за приликите во кои делуваат управните органи, за спречувањето на судирот на интереси итн.

МЦМС, заедно со Граѓанската платформа на Македонија презеде и други чекори чија крајна цел беше доброто управување во граѓанскиот сектор.

*Прирачникот претставува компилација на теоретски и практични прашања и предлог-решенија поврзани со основните принципи на доброто управување во граѓанските организации.*

Автори: Келменд Зајази и Емина Нурединоска

# издадени 17 публикации

Програмата Институционален развој на граѓанското општество во Македонија во голема мерка ја подобри збирката публикации кои третираат прашања од интерес за граѓанското организирање. Потребата за издавање е потреба за институционална меморија на сите анализи, дебати, решенија што граѓанскиот сектор ги нуди не само за прашањата од својот сектор туку и за прашањата од поширок општествен интерес. Краткиот опис на сите публикации е достапен на www.mcms.org.mk, овде ќе бидат презентирани само неколку од нив.

## довербата во граѓанското општество

Извештајот „Довербата во граѓанското општество дава поширок поглед на довербата во граѓанското општество, но и во другите два сектори, државниот и приватниот и




овозможува увид во ставовите на граѓаните за трите сектори.

Истражувањето покажа дека во Македонија е релативно ниска општата доверба (57,3 %) и довербата во институциите (43,1 %). И понатаму е впечатлива поголемата доверба на микро и на локално ниво, наспроти помалата доверба во големите и во националните институции. Во поглед на довербата во граѓанските организации, граѓаните се поделени, односно 45,4 % имаат доверба.

Автори: Сашо Клековски, Александар Кржаловски

## јавниот интерес и граѓанските организации

Публикацијата претставува преглед на статусот на јавниот интерес во повеќе европски земји, како и преглед на домашното законодавство кое го регулира јавниот интерес. „Публикацијата треба да послужи како лобирачка алатка и основа за формулација на нови законски одредби за статусот од ја-




вен интерес за здруженијата на граѓани и фондациите, што ќе значи и создавање на услови за домашен систем на поддршка за одржливост на граѓанскиот сектор", рече на промоцијата Емина Нурединоска, коавтор на публикацијата. *(подготвена во соработка со Европскиот центар за непрофитно право – ECNL)*

Автори: Дејвид Мур, Катерина Хаџи -Мицева, Нилда Булаин, Емина Нурединоска

## соработка на локалната самоуправа со граѓанските организации

Публикацијата претставува истражувачки извештај за соработка на општините со граѓанските организации во Република Македонија, во кој се дадени и препораки и совети преку приказ на најдобрите практики на оваа соработка, како и поддршка за активностите на граѓанскиот сектор, како од земјата, така и надвор од неа.

Автори: Весна Атанасова, Неда Милевска Костова и Бардул Марку



# стратегија за граѓанско општество

Цел на програмата е да се даде поддршка на Владата во развојот и спроведувањето кохерентна долгорочна политика и стратегија која ќе и помогне на Владата во соработката со граѓанското општество.

Во текот на годината, во рамките на програмата, беа организирани четри обуки за јакнење на персоналот на Одделението за соработка со граѓанскиот сектор и за другите државни службеници: Односи со јавноста, Стратешка анализа, Следење и оценка, димензија на граѓанското општество и Финансиски менаџмент. На обуките учествуваа 56 претставници од владините институции. Исто така беше организирана и студиска посета во Велика Британија за 14 претставници на државната управа на тема „Добри практики на соработка и поддршка на Владата и граѓанскиот сектор во Англија", како и две обуки низ работа во Словенија и Хрватска.



# најдобар пример за европските земји

По една година подготовки, во јануари 2007 година, Владата на Република Македонија ја усвои Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор за периодот 2007-2011 година. Во процесот на подготовка, покрај Одделението за соработка со невладините организации, беа вклучени и претставници на неколку министерства, државни институции и експерти, како и голем број претставници на граѓанските организации.

„Предлог Стратегијата е импресивен (сеопфатен) документ, кој не само што ги отсликува Европските принципи за соработка со граѓанскиот сектор, туку е меѓу најдобро концептулизирани (подготвени) документи кои моментално постојат во Европа", рече Нилда Булаин, извршен директор на Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ), во своето мислење за предлог документот. ЕЦНЛ беше вклучен во развојот на стратешките документи за соработка помеѓу Владите и граѓанските организации во повеќе европските земји. Имајќи го предвид тоа искуство сметаат дека македонската стратегија „ќе служи како најдобар пример за Европските земји во кои треба да се развиваат слични документи".

Ова е прв значаен документ кој ги регулира односите меѓу Владата и граѓанскиот сектор. Главна цел на стратегијата е унапредувањето на соработката на Владата и ресорните министерства со граѓанскиот сектор. Взаемното дејствување може значително да придонесе во развивањето на бројни области во општеството, со цел ефикасно да се одговори на предизвиците и тековните проблеми на земјата. Стратегијата содржи акциски план и временска рамка за остварување на целите.

Стратегијата опфаќа принципи на соработка; стратешки цели; спроведување, следење и ревизија; и акциски план за спроведување на Стратегијата.

# МАКЕДОНИЈА БЕЗ ДИСКРИМИНАЦИЈА

Цел на програмата е понатамошен развој на поддржувачка околина за еднакви можности на сите луѓе, односно недискриминација во Македонија.

Програмата започна со кампањата која се одвиваше под слоганот: „Еден до друг - различни, а еднакви. На прес конференција граѓанските организации упатија барање за донесување на Национална стратегија и општо законодавство за антидискриминација во 2008 година и формирање независна комисија за човекови права до 2009 година.

Во медиумската кампања 390 пати беше емитуван телевизискиот спот, имаше 31 објава во дневните и неделните весници и 510 емитувања на радио спотовите.

За потребите на кампањата беше изработен промотивен и едукативен материјал (флаери, постери, разгледници, календари итн.)

## Еден до друг - различни, а еднакви!



Колкупати сте виделе оглас во весник во кој се бараат девојки за работа? Или, девојки и момчиња не постари од 30 години? Како реагирате на нив? Знаете ли дека таквата содржина е дискриминирачка и тоа во првиот случај основата е родот, а во вториот, возраста.

Дискриминацијата во Македонија е забранета.
Но, дали ние како граѓани имаме изградено свест за дискриминација? Можеме ли да препознаеме кога таа ни се случува пред нос? Кога некој шири лажни гласини со кои се дискредитира некој друг, кога се користат агресивни или понижувачки забелешки, кога се прават шеги за одредени групи луѓе... Од секого, па и од вас се очекува да се придружите во „шегата“, или барем со молчење да ја одобрите. Во спротивно, вие сте поинакви, ќе ве изолираат, нема да ве дружат, ќе бидете надвор од „тимот“.

Многу често ваквите наумесни шеги се припишуваат на нашето воспитување, на нашата култура чија основа била повеќе да се интересираме за туѓиот отколку за нашиот двор. Нашата култура или лошо воспитување не може да биде алиби за дискриминацијата што во моментот на правење на тие тнр. шеги се прави.

Дури и кога ќе забележиме дека станува збор за дискриминација, паѓаме во искушение да побегнеме од проблемот. Затоа што решавањето на ваквата ситуација може да придонесе да се чувствуваме непријатно и неудобно. Мислиме дека ако не зборуваме за проблемот, тој ќе исчезне. За жал, тоа само ќе придонесе дискриминацијата уште повеќе да се втемели.

Дискриминацијата не секогаш е очигледна или директна. Огласот во весник претставува директна дискриминација. Меѓутоа, таа може да има и скриени форми. Ако на огласот за работа ги повикаат сите пријавени, а просторот за интервју не е пристапен за лица со физички хендикеп, што е тоа ако не дискриминација врз основа на инвалидност?! Колку ќе расте притисокот врз оние кои дискриминираат по различни основи дискриминацијата и вознемирувањето се повеќе ќе имаа вакви скриени форми, се повеќе ќе бидат индиректни.

Треба што повеќе да се информираме и едуцираме за дискриминацијата и вознемирувањето. Така полесно ќе ја препознаваме, а тоа е првиот чекор во справувањето со неа. Размислете и за вашето однесување и за вашите ставови, дали се приклучувате кон дискриминаторско однесување дури и кога сметате дека е невкусно? Кажете им на другите дека не ги одобрувате дискриминацијата и вознемирувањето, научете за другите култури и перспективи, дајте им ја вашата поддршка на жртвите на насилство и помогнете им да го решат проблемот. Затоа што утре, тој проблем може да биде ваш, на вашиот брат или сестра, на вашето дете!

Промените почнуваат од сите нас, еден до друг – различни а еднакви!

еден до друг
различни, а еднакви



# Односи меѓу заедниците

## меѓурелигиска соработка во македонија



Целта на програмата е да се зголеми меѓусебното разбирање меѓу верските заедници и разбирањето за нив кај Македонската јавност воопшто.

Во 2007 година преку програмата е остварена значителна соработка помеѓу Православниот богословски факултет и Католичката црква, Еврејската заедница и Евангелско-методистичката црква, а кон крајот на годината во дел од активностите се вклучи и Исламската верска заедница. Преку програмата реализирани се 9 разменски предавања, една посета на Православниот богословски факултет, 5 посети на верски објекти, еден меѓуверски летен камп, а беа поддржани и канцеларијата за соработка помеѓу верските заедници, Светската конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог што се одржа во Охрид, отворање на црковната народна кујна во Велес и две социјално хуманитарни активности на верските заедници. Од информативните изданија беше изработено мултимедијално ЦД со постигнувањата на програмата МСМ, издадени се 3 броја од Билтенот за меѓурелигиска соработка (на македонски и албански јазик), како и меѓуверски календари на македонски, албански и англиски јазик. Беа посетени верски објекти во Кумановскиот, Охридскиот и Велешкиот регион, а од меѓународните посети претставници на различни верски заедници имаа можност да ги посетат позначајните верски објекти во Турција и Албанија.

## меѓуверски летен камп

Од 31 мај до 3 јуни 2007 г., во Охрид се одржа меѓуверскиот летен камп. На кампот имаше 21 учесник меѓу кои студенти од Православниот богословски факултет и претставници од Католичката црква и Евангелско–методистичката црква.

За време на одржување на летниот камп учесниците можеа да чујат различни предавања поврзани со религиите. „Учесниците, пред сè, развија едно меѓусебно пријателство, ветувајќи и понатамошна соработка", вели Ненад Инчевски, студент на Православниот богословски факултет. „Не треба да се заборави и корисноста на самиот материјал за дијалогот кој се презентираше пред учесниците. Предавачите беа особено задоволни што и покрај дискусиите на ниту еден од учесниците не му беа повредени религиските чувства и најмалку некој се почувствува дискриминиран поради својата верска или пак, национална определба и припадност, туку напротив, секој го застапуваше својот интегритет. Токму ваквиот начин на дискусија, како што беше и потенцирано, е првиот чекор во развојот на мултиетничко и мултирелигиозно општество", додаде тој.



# Ѓалкан

## Балканска мрежа за развој на граѓанското општество

Целта на програмата е да ги зголеми индивидуалните и организациските капацитети на релевантните граѓански организации од Балканот и нивната соработка.

Во текот на годината беа спроведени две обуки. Регионалната работилница за медиуми се одржа во Нови Сад и Тирана, на која учествуваа претставници од ГО од Албанија, БиХ, Хрватска, Косово, Македонија, Србија и Црна Гора. И втората работилница за граѓански дијалог се одржа исто така во Нови Сад и во Тирана. На двете работилници учествуваа 41 претставник на граѓанските организации. Беа спроведени и две нови активности - обука низ работа и биро за помош. Беа отпечатени три публикации во рамките на Балкански граѓански практики (Прирачник за финансирање од ЕУ; Медиуми и граѓански организации; Прирачник за граѓански дијалог) и издадени неделни вести. Се одржа и годишен состанок на Управувачка група на мрежата и оценка на програмата. Сите реализирани активности беа спроведени во рамките на поддршката од проектот „Партнерство во акција – зајакнување на BCSND мрежа“ на Европска Комисија.



## Обука низ работа и биро за помош

Во јануари започнаа подготовката, а во месец март реализација на нова активност – обука низ работа. Пет претставници од граѓанските организации од Албанија, Хрватска, Македонија, Србија, и Босна и Херцеговина посетија едномесечна практична обука во партнерската организација ECAS во Брисел. Извештаите од сите учесници се објавени на интернет страна на ECAS и BCSDN мрежата.

Бирото за помош опфати одредување на лица за помош од организациите од ECAS (ЕУ) и CNVOS (граѓански дијалог), кои секој од својата област спроведе скроена поддршка/консултација на партнерските организации. Оваа поддршка беше надградба на обуките и разменските активности во двете области. Бирото беше промовирано преку BCSDN веб страницата, неделни вести и телефонските контакти со партнерските организации.

Сите прашања и одговори се објавени на интернет страна на BCSDN мрежа.

# Структура и развој на МЦМС

## соработка

Соработката на МЦМС се одвиваше со домашни организации и институции, агенциите членки на Светскиот совет на црквите (ССЦ) и со други странски организации.

Соработка со домашните граѓански организации (главно во рамките на Граѓанската платформа на Македонија) во овој период се интензивира, додека со единиците на локалната самоуправа и со државните институции соработката беше на вообичаеното ниво.

МЦМС го продолжи ритамот на соработка со членките на ССЦ, овој пат со билатерални контакти. Во јули МЦМС учествуваше на партнерската средба на НЦА, во Охрид.

